Ul. Nikola Parapunov no. 41, 2 kat
P.O box 484, 1000 Skopje
Republic of Macedonia
www.studiorum.org.mk

**Центар за регионални истражувања и соработка “Студиорум”**
**Повик за апстракти**

ЦРИС “Студиорум”, во рамките на проектот “Решавање на институционалната сложувалка: Модел на Национална институција за Шовекови права во Република Македонија”, поддржан од National Endowment for Democracy, од Вашингтон, САД, ги поканува заинтересираните автори да достават апстракти за презентации и панел сесии за меѓународна конференција со работен наслов:

**Национални институции за Човекови права и промоцијата и заштитата на човековите права во Република Македонија и земјите од Западен Балкан**

3-4 октомври 2012 година, Скопје, Македонија

Целта на Конференцијата е да овозможи платформа за претставниците на регионалните и европските Национални институции за Човекови права (НИЧП), студентите, академската заедница, истражувачите на применети политики и другите учесници, на која ќе се дискутираат тековните состојби, предизвиците и придобивките во однос на човековите права, и особено институционалните модели на НИЧП, со фокус на НИЧП во регионот, односно во Република Македонија.

Учесниците ќе имаат можност да ги споделат своите искуства и најдобри практики од работата на НИЧП, воедно насочувајќи го фокусот кон разгледување на најефикасен модел за Република Македонија, во согласност со Париските принципи. Дополнително, во дискусиите ќе се очекуваат и практични сугестии кон институционалните модели предложени од истражувачкиот тим на проектот во соработка со повеќе национални експерти во оваа област.

Трудовите и панел-сесиите може да бидат на или во врска со следните теми:

- Реформа на НИЧП;
- Процеси на акредитација на НИЧП;
- Модели на НИЧП;
- НИЧП и националните системи за човекови права;
- НИЧП и евроинтеграциските процеси;
- Специфични аспекти на работата на НИЧП, како вид, членство, мандат, итн.

Апстрактите треба да бидат не повеќе од 300 зборови (урнек во прилог), додека предлозите за панел-сесии треба да вклучуваат и предлог за најмногу тројца панелисти/говорници. Предлозите треба да се доставаат на Формуларот за доставување на апстракти, заедно со куса биографија на info@studiorum.org.mk, најдоцна до **15 септември, 2012 година.** Авторите ќе бидат известени најдоцна до 20 септември, 2012 година.

Контакт за дополнителни информации: Димитар Николовски: dimitar@studiorum.org.mk.

*Учеството на Конференцијата е без котизација, и ЦРИС Студиорум нема можност за покривање на патни трошоци или трошоци за сместување.*

Ги очекуваме Вашите апстракти!

Срдечно,
ЦРИС Студиорум